РЕТРОСПЕКТИВА НА ТОМО ВЛАДИМИРСКИ (1904-1971)

# Живеам за да сликам и сликам за да живеам

## Оваа е мотото на сликарот чие творештвото зазема место меѓу темелниците

Изложба на Томо Владимирски (1904-1971), уметник кој ги постави темелите на модерното македонско сликарство, ќе биде отворена вечерва во Националната галерија на Македонија (Даутпашин-амам), со почеток во 20 часот. На изложбата, организирана по повод 100-годишнината од раѓањето на уметникот, ќе бидат претставени околу 140 ликовни дела (масла, акварели, цртежи и скици за сценографии) од сите творечки периоди на авторот, создавани од 1935 до 1970 година.

Претставувањето содржи дела со разновидна тематска определба: класични сликарски мотиви - портрети, актови, мртва природа, урбани пејзажи, слики со социјален призвук, слики со етнофолклорни елементи, мотиви од старата македонска архитектура, како и дел од неговиот познат циклус пејзажи „Покрај Вардар“, создаден по престојот на уметникот во Париз. Изложени се и дел од пејзажите сликани во близина на реките Вардар и Радика, кои како неисцрпна инспирација Владимирски ги работел во речиси бесконечни варијанти.

Во историјата на современата македонска ликовна и театарска уметност, творештвото на Томо Владимирски зазема втемелувачко место, забележува Мирјана Талеска, виш кустос со Националната галерија и автор на текстот за монографијата на уметникот.

- Со Владимирски се поврзани почетоците на модерната уметност во Македонија од 30-тите години на 20 век и конституирањето на поновата македонска култура и сликарство. Тој ѝ припаѓа на генерацијата уметници која, чувствувајќи ја моралната и духовна тензија на своето време, ги прифатила тековите на современата европска уметност. Се појавува истовремено со група та уметници што биле поврзувачки мост меѓу националната традиција и современите текови и кои внесуваат нов ликовен ракопис: Димитар Пандилов Аврамовски, Никола Мартиновски, Лазар Личеноски и Димо Тодоровски - вели Талевска.

По школувањето на белградската Уметничка школа и постдипломските студии во Прага, во истиот град, во време кога во него се слевале сите европски струења, Владимирски ја отвора првата самостојна изложба со која постигнува огромен успех и ги продава речиси сите изложени дела. Низ неговото уметничко зреење, созданијата за ликовните вредности и националниот идентитет се соединуваат со европските модерни влијанија на импресионизмот, постимпресионизмот, фовизмот и експресионизмот. Паралелно со сликарството, Владимирски интензивно работи и на сценографии за голем број театарски претстави станувајќи, со Никола Мартиновски и Василије Поповиќ-Цицо, еден од основоположниците на оваа дејност кај нас.

Изложбата ќе ја отвори заменик-министерката за култура Мелпомени Корнети.

Н. Б.



Владимирски во своето ателје



„Мртва природа со риба“, 1958